Врз основа на член 61 став 5 од Законот за животна средина(‟Службен весник на РМ‟ бр.53/05,бр.81/05, бр.24/07 , бр.159/08 и бр.48/10), и член 4 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти,како и планови и програми од областа на животната средина(‟ Службен весник на РМ‟ бр.147/05),Градоначалникот на Општина Струмица донесе

ОДЛУКА

За изработка на Извештај за стратегиска оцена на животната средина за ДУП за дел од блок 3-А урбана единица 1 Струмица – Општина Струмица за плански период од пет години

Член 1

Со оваа Одлука се изработува Извештај за стратегиска оцена на животната средина за ДУП за дел од блок 3-А урбана единица 1 Струмица – Општина Струмица за плански период пет години

Член 2

Извештај за стратегиска оцена на животната средина за ДУП за дел од блок 3-А урбана единица 1 Струмица – Општина Струмица за плански период од пет години,ќе биде изработен од страна на Друштво за консалтинг, обука и услуги ЕВОЛВИНГ ДОО Скопје.

Член 3

Јавната расправа ќе се одржи на ден 21.10.2010 (четврток) со почеток во 11 часот во просториите на Општина Струмица

Член 4

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе биде ставен на јавен увид на веб страната на Општина Струмица во периодот од 30.09.2010 до 29.10.2010 ,во кој рок заинтересираната јавност може да доставува забелешки,мислења и предлози по електронски пат,по пошта или преку архивата на Општина Струмица .

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

ОПШТИНА СТРУМИЦА

Градоначалник

Зоран Заев